**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5227 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од десетте мониторирани изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, во периодот од 12 до 21 октомври 2016 година, вкупното време на новинарските прилози со актуелна општествено-политичка проблематика од Република Македонија, изнесува – 3 часа и 50 минути.

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:22 | 3,21 | % |
| СДСМ | 00:10:13 | 4,44 | % |
| Демократски сојуз | 00:01:40 | 0,72 | % |
| Собрание на РМ | 00:10:39 | 4,63 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:18 | 2,74 | % |
| Беса | 00:02:09 | 0,93 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:01:15 | 0,54 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:49 | 6,44 | % |
| ДИК и други органи | 00:05:34 | 2,42 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:33:56 | 14,75 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:12:19 | 5,36 | % |
| Локална самоуправа | 00:09:59 | 4,34 | % |
| Други субјекти | 00:26:39 | 11,58 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:12:43 | 5,53 | % |
| Влада на РМ | 00:25:03 | 10,89 | % |
| Специјално обвинителство | 00:13:31 | 5,88 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:06:48 | 2,95 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:05:20 | 2,32 | % |
| Судство | 00:07:16 | 3,16 | % |
| ДПА-ДР | 00:02:13 | 0,96 | % |
| Унитети | 00:03:49 | 1,66 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:53 | 0,38 | % |
| Без субјекти | 00:02:52 | 1,25 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:50 | 0,37 | % |
| Левица | 00:00:36 | 0,26 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:48 | 0,35 | % |
| Привремена комисија | 00:00:48 | 0,35 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:45 | 0,76 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:34 | 0,25 | % |
| АРМ | 00:01:20 | 0,58 | % |
| | **Вкупно: 03:50:00** | **100** | **%** |

Во десетдневниот период за мониторингот - од 12 до 21 октомври 2016 година, изданијата на Дневникот од 18 часот и 30 минути на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија просечно содржат по десеттина прилози за внатрешно-политички теми и за вклученоста на официјалната македонска политика на државно и на локално ниво во меѓународни политичко-економски проектни активности. Новинарскиот информативен ангажман во овој период главно се состои од класични облици на новинарски извештаи што мошне опфатно (понекогаш и со траење од 5 минути) ги прикажуваат тековните парламентарни дебати поврзани со роковите за распуштање на Собранието, условени од партиските несогласувања за проекциите на одредени ставки од државниот буџет за 2017 година, неусогласеноста на гласачкото тело во изборните единици, и меѓусебните обвинувања за барање алиби изборите закажани за 11 декември да не се одржат. Друга значајна тема е мултилатералната работна средба на Јоханес Хан, комесарот за

проширување на ЕУ, одржана во Скопје со претставници на официјалната македонска државна политика, но и со потписниците на т.н. „Договор од Пржино“, со Специјалното јавно обвинителство и со цивилниот сектор. За овој настан, информативната редакција на МРТ2 известуваше интензивно преку вести во низа, содржински произлезени од различни, одделно презентирани политички гледишта за поентите од средбите со Хан. Во оваа смисла, низ извештаи беше објаснет претстојниот ангажман на ДИК и неговата соработка со меѓународните мисии за мониторинг на изборниот процес. Кон крајот на мониторираниот период, фокусна тема во вестите е работата на СЈО – отворањето на истражните постапки „Тендер“ и „Топлик“, како и влезот на ова обвинителство во Управата за безбедност и контраразузнавање.

Овие теми се проследени и преку експертски осврти – низ извадок од дебатната емисија „Аргументи“, што ги посочува поентите на универзитетските професори Арта Билали Зендели и Јусуф Зендели, потоа низ политиколошките ставови на Башким Селмани, Петар Арсовски, Мерсим Максути и Сашо Клековски, а преку кус разговор на тема – Што може да се очекува во извештајот на ЕУ за политичкиот напредок на Република Македонија, соопштен е ставот на универзитетскиот професор Осман Кадриу, од кого, на друга дата од ТВ Дневникот, побарано е мислење и за можното уставноправно оспорување на резултатите од изборниот процес поради нерегулирање на диспаритетот во шестата изборна единица.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| СДСМ | 00:05:38 | 6,89 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:17 | 0,35 | % |
| Беса | 00:01:19 | 1,61 | % |
| НДП - Фадил Зендели | 00:00:18 | 0,37 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:12:04 | 14,76 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:56 | 1,14 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:06:19 | 7,73 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:56 | 6,03 | % |
| Други субјекти | 00:09:10 | 11,21 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:59 | 4,87 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:54 | 3,55 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:08 | 3,83 | % |
| Влада на РМ | 00:09:43 | 11,89 | % |
| Граѓански сектор | 00:05:10 | 6,32 | % |
| Специјално обвинителство | 00:03:14 | 3,96 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:20 | 5,30 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:53 | 2,30 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:53 | 1,08 | % |
| Унитети | 00:01:49 | 2,22 | % |
| ОМ - Обединети за Македонија | 00:00:27 | 0,55 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:40 | 0,82 | % |
| Собрание на РМ | 00:00:31 | 0,63 | % |
| Судство | 00:00:23 | 0,47 | % |
| Народно движење за Македонија | 00:01:24 | 1,71 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:20 | 0,41 | % |
| | **Вкупно: 01:21:45** | **100** | **%** |

Во врска со поединечните партиски автопромотивни активности известувано е мошне ретко. Проследени се обидите на Здружението на поранешните албански затвореници да биде фактор на предизборно обединување помеѓу помалите партии од т.н албански политички блок, како и создавањето на коалицијата помеѓу партиите Унитети, ДПА-ДР и НДП. Низ куси извештаи и изјави, проследен е т.н. „Викенд на отчетност" на ВМРО ДПМНЕ, и во врска со тоа директно поттикнатите реплицирања на опозицискиот СДСМ.

Повеќе внимание им е посветено на економските и на еколошките активности, како и на општествено-политичките случувања во кои се вклучени официјалните органи на локалната самоуправа, посебно во регионот на Западна Македонија: известувано е за случувањата во Тетово во врска со континуираниот протест на средношколците што бараат бесплатен автобуски превоз, како и за различни аспекти поврзани со биодиверзитетот и еколошката состојба во овој град - барањата на градоначалничката Арифи сезонски да се стопира работата на Југохром, а потоа и за финансиска помош за еколошки цели дадена од Германската амбасада а реализирана преку невладината „Екосвест". Интересот на информативната редакција го привлекле и свеченостите поврзани со прославата на Хиџра, новата година според исламскиот календар, хуманитарните акции по повод „Денот на ашурето", и три настана од областа на културата и образованието: Петтиот меѓународен фестивал на националната драма, претставување на албанската национална книжевност во НУБ „Климент Охридски" во Скопје и прогласување на Хашим Тачи, претседателот на Република Косово, за почесен доктор на науки на Тетовскиот универзитет. Од настаните со социјална и поширока општествена димензија, проследени се несогласувањата на студентите од Штуловиот универзитет да биде споена нивната настава со онаа од новоотворениот универзитет „Мајка Тереза".

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебата</u>*

На 18 октомври, во актуелно-информативната емисија „Аргумент", за повеќе аспекти на темата – 11 декември, датум за предвремените парламентарни избори, дебатираат: Нора Алити, од ДУИ, Едмонд Адеми од СДСМ, Зулфи Адили од Унитети и Бајрам Положани, поранешен судија од Уставниот суд.

*<u>Интервју</u>*

На 20 октомври, во емисијата „Бизнис плус" од 20 часот реализирано е интервју со Арбен Халикли, директор на ТИРЗ Тетово, а опсегот на економските теми се движи од – падот на процентот странски инвестиции, преку економските вложувања на дијаспората, до анализа на државниот буџет за 2017 година.

***Сектор за програмски работи***